2
1830 Službeni vesnik SR Makedonije
91001 Skopje
fah 51

# СЛУЖБ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕД

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски. словенечки, македонски. албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство 60802-603-1125

Петок, 17 ју

БЕЛГРАД

БРОЈ 31 ГОД. XXXIII

претплатата за 1977 година изнесува 550 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732: Комерцијален сектор 651-671; Телекс 11756.

**401.**

Врз основа на член 31 став 1 во врска со член 16 став 1 и член 27 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ МАКСИМАЛНИ ЦЕНИ ЗА ПРЕВОЗ НА ПАТНИЦИ И СТОКИ ВО ВНАТРЕШНИОТ ВОЗДУШЕН СООБРАЌАЈ

1. Организациите на здружениот труд што превозат патници и стоки во воздушниот сообраќај можат постојните цени за превоз на патници и стоки во внатрешниот воздушен сообраќај да ги зголемат до 8,5%, со тоа што за превозот на патници на линиите Сараево—Загреб, Сараево—Љубљана, Сараево—Дубровник, Сараево—Скопје, Сараево—Сплит, Сараево—Титоград, Сараево—Тиват, Сараево—Риека, можат претходно да ги усогласат постојните цени со применување на единична цена од 0,74 динари за еден патнички километар.

2. Ценовниците со цените формирани во смисла на точка 1 од оваа одлука, организациите на здружениот труд што превезуваат патници и стоки во внатрешниот воздушен сообраќај се должни да ги достават до Сојузниот завод за цени најдоцна на 30 дена пред денот на почетокот на применувањето на цените од ценовникот.

Сојузниот завод за цени може рокот од став 1 на оваа точка да го скрати или да го запре применувањето на цените од ценовниците, ако цените од ценовниците не се формирани во согласност со одредбата на точка 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 448
9 јуни 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Берислав Шефер**, с. р.

**402.**

Врз основа на член 49 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на СФРЈ", бр. 10/76), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА
### ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ШТО ЌЕ СЕ ПРИМЕНУВААТ ПРИ НАМАЛУВАЊЕТО НА ЦАРИНСКИТЕ СТАПКИ НА УВОЗОТ НА СУРОВИНИ, РЕПРОДУКЦИОНИ МАТЕРИЈАЛИ И ДЕЛОВИ ЗА ВГРАДУВАЊЕ ВО 1977 ГОДИНА

1. Заради растоварување на трошоците на производството во 1977 година, односно задржување на истото царинско оптоварување на суровините, репродукционите материјали и деловите за вградување за кои во 1976 година бил утврден царински контингент, Решението за намалување на царинската стапка на увозот на суровини и репродукциони материјали во 1976 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 61/75 и 31/76) се применува и во 1977 година.

2. До донесувањето на новиот закон Царинската тарифа Решението за намалување на царината на увозот во 1976 година на склопови, потсклопови и делови за производство на патнички автомобили („Службен лист на СФРЈ", бр. 18/76 и 43/76) се применува и во 1977 година.

3. На суровините, репродукционите материјали и деловите за вградување што се увезуваат за потребите на бродоградбата, тешката машинска индустрија и тешката електромашиноградба заради вградување во опрема (машини, уреди и апарати од одредбите на главите 84 до 90 од Царинската тарифа (што им се испорачува на странски купувачи, царинската стапка предвидена во Царинската тарифа може да се намали така што најниската царинска стапка да не биде помала од 5%.

Количеството и вредноста на стоките од став 1 на оваа точка ги утврдуваат договорно производителите и потрошувачите во рамките на Стопанската комора на Југославија.

Во поглед на начинот и постапката за утврдување дали стоките од став 1 на оваа точка се произведуваат во Југославија, сообразно се применуваат одредбите на точка 9 од Одлуката за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царината на увозот на специфичната опрема во 1977 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 5/77).

4. Оваа одлука ќе се применува од 1 јануари 1977 година.

5. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Е. п. бр. 449
9 јуни 1977 година
Белград

Сојузен извршен совет

Потпретседател,
д-р **Берислав Шефер**, с. р.

**403.**

Врз основа на член 7 од Законот за обезбедување на трајни обртни средства на организациите на здружениот труд („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/72, 40/73, 66/74, 13/76 и 58/76), сојузниот секретар за финансии пропишува

## ПРАВИЛНИК
### ЗА ИЗМЕНИ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА ПРОСЕЧНАТА ГОДИШНА ВРЕДНОСТ НА ЗАЛИХИТЕ И ЗА НАЧИНОТ НА УТВРДУВАЊЕ НА СОПСТВЕНИТЕ СРЕДСТВА И НА КРЕДИТИТЕ ЗА ТРАЈНИ ОБРТНИ СРЕДСТВА

Член 1

Во Правилникот за начинот на утврдување на просечната годишна вредност на залихите и за на-

чинот на утврдување на сопствените средства и на кредитите за трајни обртни средства („Службен лист на СФРЈ", бр. 20/76 и 10/77) во член 5 по зборовите: „на 31 декември" запирката и зборовите: „односно според состојбата на последниот ден на пресметковниот период" се бришат.

Член 2

Во член 8 став 4 се брише.

Член 3

Во член 13 став 1 се менува и гласи:

„Образецот ТОС пополнет според состојбата на 31 декември основната организација го поднесува до Службата на општественото книговодство истовремено со поднесувањето на завршната сметка и тоа во три примероци."

Член 4

Во член 14 став 3 се менува и гласи:

„Збирниот образец ТОС пополнет според состојбата на 31 декември работната организација, односно сложената организација на здружениот труд го поднесува до Службата на општественото книговодство истовремено со збирната завршна сметка, и тоа во три примероци."

Член 5

Во забелешката 3 кон Образецот ТОС по зборовите: „за претходната година" запирката и зборовите: „освен во 1977 година кога не се пополнува тој образец под ред. бр. 2.2. — Намалување според одредбата на член 8 од Законот" се бришат.

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-6199/1
10 јуни 1977 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
**Момчило Цемовиќ**, с. р.

## 404.

Врз основа на член 59 став 1, во врска со член 13, од Законот за внесувањето и растурањето на странски средства за масовно комуницирање и за странската информативна дејност во Југославија („Службен лист на СФРЈ", бр. 39/74). сојузниот секретар за внатрешни работи донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА НА ВНЕСУВАЊЕТО И РАСТУРАЊЕТО НА ВЕСНИКОТ „KATOLIŠKI GLAS"

Се забранува внесувањето и растурањето во Југославија на весникот „Katoliški glas", бр. 18, 19, 20 и 21 за 1977 година, што излегува на словенечки јазик во Горица, Италија.

Бр. 650-2-47/6
2 јуни 1977 година
Белград

Заменик-сојузен секретар
за внатрешни работи,
**Драшко Јуришиќ**, с. р.

## 405.

Врз основа на член 124 од Уставот на СФРЈ, Сојузниот извршен совет, Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина, Извршниот совет на Собранието на СР Македонија, Извршниот совет на Собранието на СР Словенија, Извршниот совет на Собранието на СР Србија, Извршниот совет на Саборот на СР Хрватска, Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора, Извршниот совет на Собранието на САП Војводина, Извршниот совет на Собранието на САП Косово, Стопанската комора на Југославија, Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија, Сојузната конференција на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, Сојузот на социјалистичката младина на Југославија и Народната техника, Сојузот на организациите за техничка култура на Југославија склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И ВРЕДНУВАЊЕ НА ТВОРЕШТВОТО

Член 1

Учесниците на овој општествен договор (во натамошниот текст: учесниците) ги утврдуваат заедничките основи на дејствувањето во поттикнувањето на натамошниот развој на творештвото на работните луѓе во областа на пронајдоштвото, техничките унапредувања, корисните предлози и на други облици на творештво.

Член 2

Заради јакнење на материјалната основа на здружениот труд и на личниот и општествениот стандард на работниците и на другите работни луѓе, учесниците, во рамките на своите права и должности, ќе се залагаат:

1) да се обезбедат правото и можноста на секој работен човек да ги пријавува своите творечки способности во работниот процес;

2) да се усогласи самоуправното уредување на односите заради посилно поттикнување на пронајдоштвото, техничките унапредувања, користење предлози и на други облици на творештво и нивно применување;

3) натаму да се изработуваат и вградуваат во самоуправните спогодби и други самоуправни општи акти основите и мерилата од овој општествен договор;

4) со развојот на соодветните облици на соработка на организациите на здружениот труд во областа на науката со организациите на здружениот труд во областа на материјалното производство да се обезбеди поуспешна размена на знаењето и искуствата и насочување на инвентивниот труд кон остварувањето на целите на стопанскиот и општествениот развој;

5) да се установи таков систем на информирање со кој ќе се овозможи запознавање со постигнатите достигања во областа на инвентивниот труд и нивното применување;

6) да се овозможи испитување и проверување на инвентивните предлози заради нивна реализација и вреднување;

7) да се планираат и обезбедуваат средства за финансирање на пронајдоштвото, техничките унапредувања, корисните предлози и на други облици на творештво;

8) да се обезбедуваат поповолни услови за развој и унапредување на масовно, производствено-работно творештво во училиштата за општо и насочено образование, во организациите на Народната техника, во активите на пронаоѓачи и во дру-

ги облици на дејноста врз развивањето на научно-техничкото и производствено работно творештво на младите и возрасните.

Член 3

Учесниците ќе се залагаат, во рамките на здружениот труд и сите облици на поврзување на науката и производството, побрзо да се создаваат и применуваат нови пронајдоци, побрзо да се развиваат техничките унапредувања и да се даваат корисни предлози што придонесуваат кон облагородувањето на постојните и воведувањето на нови производи, како и кон унапредувањето на организацијата и хуманизацијата на трудот.

Член 4

Учесниците ќе се залагаат организациите на здружениот труд и нивните заедници и општи здруженија, самоуправните интересни заедници, општествено-политичките организации и општествено-политичките заедници, во рамките на своите права и должности, да обезбедат поволни општествени услови за поттикнување и побрз развој на творештвото.

Согласно со одредбата на став 1 од овој член, учесниците ќе настојуваат работниците во основните и други организации на здружениот труд со самоуправни општи акти особено:

1) да обезбедат поволни услови за развивање на инвентивниот труд и применување и заштита на резултатите од тој труд (помагање на носителите на инвентивниот труд врз реализација на нивните предлози, создавање активи и клубови на пронаоѓачи, клубови на млади пронаоѓачи, создавање на посебни работилници и кабинети, создавање и јакнење на истражувачко-развојни единици и нивно ангажирање во реализацијата на иновациски предлози и слично);

2) да го уредат начинот на следење и евидентирање на постигнатите резултати;

3) да ги утврдат основите и мерилата за општественото-моралното и материјалното вреднување на резултатите на инвентивниот труд;

4) да обезбедат услови за школување, усовршување и други облици на стекнување потребни знаења за натамошен развој на инвентивниот труд и давање помош на работните луѓе, како и на младината, што веќе покажале резултати во инвентивниот труд;

5) да обезбедат услови во програмите на образованието да се внесат елементи што придонесуваат кон творечкиот однос на младите спрема трудот;

6) да го регулираат помагањето и јакнењето на материјалната основа на организациите на Народната техника, заради создавање на што поповолни услови за масовно творештво на младите и возрасните во областа на техниката и производството.

Член 5

Учесниците се согласија, во рамките на своите права и должности, да преземаат мерки за поттикнување и побрз развој на инвентивниот труд заради побрз развој на домашната технологија.

Во таа смисла тие ќе настојуваат особено:

1) при прибавувањето на странски патенти, лиценци и др. да се обезбеди предност на домашни решенија со еднаква вредност;

2) да се организираат и поврзуваат информационите системи, со кои работниците во здружениот труд и другите работни луѓе ќе се известуваат за развојот и достигањата на современата наука и технологија;

3) наградите и општествените признанија да се доделуваат, по правило, на предлог од организациите на здружениот труд;

4) во рамките на самоуправните интересни заедници да се обезбедат услови и средства за унапредување на инвентивниот труд и за применување на резултатите од тој труд во производството;

5) да се поттикнуваат развојот и унапредувањето на инвентивниот труд, посебно во рамките на приоритетните гранки и групации, како и во рамките на месните заедници и општествено-политичките заедници.

Член 6

Учесниците ќе се залагаат во рамките на своите права и должности, во организациите на здружениот труд да се создаваат услови што овозможуваат предложената идеја или технолошко решение во најкратко време да ги испитаат и оценат стручните тела и надлежните органи во организациите на здружениот труд и на предлагачот во примерен рок да му се соопшти резултатот од тоа истражување и одлуката на надлежниот орган за прифаќањето на идејата односно решението. За таа цел учесниците ќе го иницираат и поттикнуваат самоуправното спогодување на организациите на здружениот труд врз принципите на овој општествен договор.

Член 7

Учесниците сметаат дека во основните и други организации на здружениот труд треба систематски и организирано да се следат напорите и резултатите на носителите на инвентивниот труд заради што поадекватно и пообјективно поттикнување на нивниот творечки труд со соодветни облици на општествено признание. За таа цел, во рамките на своите права и должности, ќе преземаат, односно ќе иницираат надлежните органи да преземаат потребни мерки.

При предлагањето на работниците да им се доделат установените општествени признанија, учесниците ќе се залагаат да се земаат предвид трајноста и интензитетот на нивниот труд и на нивниот успех во инвентивниот труд, како и значењето и влијанието што ги имале тие резултати, непосредно или посредно, врз зголемувањето на доходот на организацијата на здружениот труд или врз зголемувањето на безбедноста на земјата.

Член 8

Учесниците ќе се залагаат, заради поттикнување на инвентивниот труд и вреднување на нивниот резултат, да се предлагаат и доделуваат на авторите општествени и морални признанија, како што се:

1) Награда на АВНОЈ, награда по повод Денот на ослободувањето, награда по повод денот на востанието на народните и народностите, награда по повод Денот на Републиката, Првомајска награда на трудот и др.;

2) разни одликувања;

3) дипломи, повелби, благодарници, плакети и други слични признанија;

4) почесни звања;

5) афирмирање на носителите на инвентивниот труд и на постигнатите резултати во средствата за јавно информирање (телевизија, радио, дневни листови, стручни списанија и др.);

6) прогласување на еден ден во годината за „Ден на новаторите“.

Член 9

Под материјално признание и стимулација, во смисла на овој општествен договор, се подразбираат особено:

1) посебниот надомест на работникот за неговиот придонес кон зголемувањето на доходот, остварен со примена на пронајдоците, техничките унапредувања, корисните предлози и другите облици на творештво во организацијата на здружениот труд;

2) наградата за предложена корисна идеја, врз чие остварување треба натаму да се работи, а за која организацијата на здружениот труд е заинтересирана;

3) надоместот на трошоците на носителите на иновација, што ги имале, а што настанале од идејата до нејзината реализација.

Инвентивниот труд може да се поттикнува и со други облици на признание, што можат материјално да се изразат (школување, специјализација, посебни критериуми при утврдувањето на правата за доделување на стан, стручни екскурзии, додатен одмор, нова гарнитура на алати, стручна литература и др.).

Учесниците ќе се залагаат видовите на материјалното признание да се вградат во самоуправните општи акти на организациите на здружениот труд, во кои ќе се разработат основите и мерилата за материјални признанија и стимулација.

Член 10

При утврдувањето на основите за вреднување на творештвото, учесниците ќе се залагаат да се земат предвид особено:

1) унапредувањето на организацијата на трудот, на работењето и распределбата, подоброто користење на природните, техничките, работните и кадровските капацитети, економијата на предметите на трудот, хуманизацијата на работата и заштитата при работата, заштитата на човековата средина, подобрувањето на условите за транспорт и превоз на луѓе и на материјали, унапредувањето на условите за складирање и организацијата на искористувањето на материјали, подобрувањето на информационите системи и на сите облици на информирањето потребни на здружениот труд;

2) подобрувањето на постојните и пронаоѓањето на нови производи, суровини и храна, како и на технолошките постапки заради користење на компаративни предности, супституција на увозот и намалување на разликата во продуктивноста на трудот во однос на развиените земји, поуспешно склучување во меѓународната поделба на трудот, проширувањето на асортиманот на производството, добивањето на секундарни суровини со неутрализација на отпадоци и др.

Член 11

Учесниците ќе се залагаат во самоуправните општи акти да се утврдат основите и мерилата за вреднување на остварените резултати на творечкиот труд.

При утврдувањето на основите и мерилата од став 1 на овој член, посебно треба да се води сметка за постигнатите ефекти во работењето, односно за зголемувањето на доходот на основната организација, а особено за: зголемувањето на продуктивноста и квалитетот на трудот; зголемувањето на степенот на рентабилноста и економичноста со подобро и поефикасно користење на средствата на трудот и со порационално користење на природните ресурси, енергијата и секундардните суровини со замена на увозни суровини со домашни; намалувањето на отпадоците; спречувањето на штети од елементарни непогоди.

Член 12

Учесниците ќе се залагаат, во рамките на своите права и должности:

1) организациите на здружениот труд, во согласност со своите потреби и можности, да организираат истражувачко-развојни служби заради унапредување и развој на сопствената технологија (пронајдоци, технички унапредувања и други технолошки знаења), како и унапредување и развој на организацијата на трудот и работењето;

2) истражувачко-развојните центри и организациите на здружениот труд во областа на науката да остварат соработка со основните и други организации на здружениот труд, заради поуспешно и поплодотворно поврзување на инвентивниот труд со материјалното производство.

Член 13

Учесниците ќе се залагаат, во рамките на своите права и должности, со самоуправните општи акти на организациите на здружениот труд и на самоуправните интересни заедници да се регулираат особено: програмирањето и планирањето на инвентивната дејност во рамките на програмата и планот на нивната работа и работење, како и во рамките на стратегијата на технолошкиот развој на припаѓачката гранка и групација; обезбедувањето на средства за развивање на инвентивниот труд, стимулациите и наградите за инвентивниот труд; евиденциите за резултатите на применувањето на инвентивниот труд, постапката за одлучување за прифаќањето и користењето на резултатите на инвентивниот труд; чувањето на деловната, стопанската, воената и државната тајна.

Член 14

Учесниците, во рамките на своите права и должности, ќе ги поттикнуваат организациите на здружениот труд и другите самоуправни организации и заедници да издвојуваат средства потребни за остварување на усвоените планови и програми за развој на инвентивниот труд и за поттикнување на творечкиот труд и да здружуваат средства во рамките на работната организација на сложената организација на здружениот труд и во други облици на здружување на трудот и средствата, заради финансирање на заедничките програми и планови за развој на инвентивниот труд.

Член 15

Учесниците ја сметаат како мошне корисна соработката на меѓународен план во пренесувањето на техничките достигања.

Учесниците, во рамките на своите права и должности, посебно ќе го поттикнуваат пренесувањето на домашните технички достигања по пат на инженеринг, индустриска кооперација, заеднички вложувања и сл. во други земји, посебно во земјите во развој.

Член 16

Учесниците ќе се залагаат со соодветен систем за информирање да ги следат најсовремените техничко-технолошки достигања во странство и да се обезбеди трансфер на тие достигања во Југославија под најповолни (нерестриктивни) услови, заради зголемување на продуктивноста на трудот и на развојот на творештвото во Југославија, водејќи посебно сметка да не се увезува технологија од пониско ниво од постојната технологија во Југославија и да не се дуплира увозот на иста технологија.

Член 17

Учесниците ќе се залагаат, во рамките на своите права и должности, системот за образование и оспособување на работниците во организациите на здружениот труд да се развива така што да ги поттикнува и развива стручните и творечките способности на секој работен човек во процесот на трудот.

Член 18

Заради создавање услови за потраен развој и унапредување на сите видови на инвентивен труд, учесниците ќе се залагаат да му се посвети посебно

внимание на техничкото образование на учениците и младината и да се создаваат услови за посебна работа со млади таленти.

Народната техника, Сојузот на организациите за техничка култура на Југославија, во соработка со организациите на здружениот труд, ќе придонесе кон создавањето на што поповолни услови за масовно творештво на младите и возрасните во областа на техниката и производството, за развивање на конструкторството и за помагање на младите пронаоѓачи и технички творци.

Член 19

Учесниците, во рамките на своите права и должности ќе преземат мерки да се оствари организиран систем на присобирање, средување и евидентирање на пронајдоците, техничките унапредувања, корисните предлози и другите облици на творештво во Југославија и странство, и да се овозможи достапност на евидентираните податоци на заинтересираните организации на здружениот труд, ако тие податоци не се деловна, стопанска, воена или државна тајна.

Член 20

Заради поттикнување на заедничката активност, насочување и усогласување на работата врз реализација на одредбите на овој општествен договор, учесниците формираат одбор за координација на активностите во областа на творештвото во Југославија.

Одборот од став 1 на овој член го сочинуваат претставниците на учесниците што учесниците спогодбено ги делегираат.

Одборот од став 1 на овој член донесува деловник за својата работа.

Член 21

Учесниците се обврзуваат најмалку еднаш годишно да го разгледаат спроведувањето на овој општествен договор, со тоа што поцелосна анализа на неговото спроведување ќе се изврши при анализата на остварувањето на Општествениот план на Југославија за периодот од 1976 до 1980 година.

Член 22

Измени и дополненија на овој општествен договор може да предложи секој негов учесник.

Измените и дополненијата на овој општествен договор се вршат на начинот и по постапката што важат за неговото донесување.

Член 23

Овој општествен договор влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

3 јуни 1977 година
Белград

За Сојузниот извршен совет
член на Советот и претседател на Сојузниот комитет за труд и вработување,
**Светозар Пеповски,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Босна и Херцеговина
член на Советот и републички секретар за труд,
**Алија Авдиќ,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Македонија
член на Советот,
д-р **Сејфедин Сулејмани,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Словенија
заменик-републички секретар за труд,
**Стане Божич,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Србија
член на Советот и републички секретар за труд,
**Милијан Поповиќ,** с. р.

За Извршниот совет на Соборот на СР Хрватска
член на Советот и републички секретар за труд,
**Владимир Добец,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на СР Црна Гора
заменик-секретар за труд, здравство и социјална заштита,
**Драгослав Ѓурановиќ,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на САП Војводина
член на Советот и покраински секретар за труд,
**Ѓорѓе Цветковиќ,** с. р.

За Извршниот совет на Собранието на САП Косово
член на Советот и покраински секретар за труд,
**Бејадин Елези,** с. р.

За Стопанската комора на Југославија
потпретседател на Стопанската комора на Југославија,
**Милорад Станоевиќ,** с. р.

За Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија
секретар на Сојузниот одбор на Синдикатот на работниците од индустријата и рударството на Југославија,
**Милутин Голубовиќ,** с. р.

За Сојузната конференција на ССРНЈ
член на Секретаријатот на Претседателството на Сојузната конференција на ССРНЈ,
**Салих Нуши,** с. р.

За Сојузот на социјалистичката младина на Југославија
секретар на Конференцијата на Сојузот на социјалистичката младина на Југославија,
**Живко Новески,** с. р.

За Народната техника — Сојузот на организациите за техничка култура на Југославија
претседател на Конференцијата на Народната техника на Југославија,
д-р **Стеван Безданов,** с. р.

---

**406.**

Врз основа на член 7 од Законот за општествено договорање и самоуправно спогодување за распределбата на доходот и на личните доходи во органите на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 40/73), Сојузниот извршен совет и Претседателството на Советот на Сојузот на синдикатите на Југославија склучуваат

## ОПШТЕСТВЕН ДОГОВОР

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ОПШТЕСТВЕНИОТ ДОГОВОР ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА РАСПРЕДЕЛБАТА НА ДОХОДОТ, НА СРЕДСТВАТА ЗА ЛИЧНИ ДОХОДИ И НА ДРУГИТЕ ПРИМАЊА НА РАБОТНИЦИТЕ ВО ОРГАНИТЕ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА

Член 1

Во Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот, на средствата за лични доходи и на другите примања на работниците во органите на федерацијата („Службен лист на СФРЈ", бр. 71/73 и 56/75) член 9 се менува и гласи:

„Средствата за лични доходи на работниците во работните заедници на органите за редовното работно време се утврдуваат со конечната пресметка:

1) во сразмер со извршените задачи и работи, како и со остварените резултати во работата;

2) зависно од видот, сложеноста и значењето на задачите и работите што ги вршат;

3) зависно од одговорноста и условите под кои задачите и работите се вршат.

Средствата за лични доходи за активните воени лица што се наоѓаат на работа во органите се обезбедуваат според прописите што важат за активните воени лица."

Член 2

По член 9 се додаваат седум нови членови, кои гласат:

„Член 9а

Конечна пресметка на средствата за лични доходи се врши по истекот на годината.

Заради конечно утврдување на средствата за лични доходи на работниците за редовно работно време, органите поднесуваат до Сојузниот извршен совет документација што се состои од извештај за работата за изминатата година, преглед на органите за кои се извршени одделни задачи и работи и приказ на просечно остварените аконтирани лични доходи на работниците, и ако распределбата на личните доходи се врши според ефект, норма и норматив — и податоци за така извршената распределба.

Содржината и роковите за доставување на извештајот за работата на органот ги определува Сојузниот извршен совет.

Член 9б

Врз основа на документацијата од член 9а на овој договор, Сојузниот извршен совет ја оценува работата и резултатите на трудот на сојузните органи на управата и на сојузните организации и стручни служби што ги основа тој.

Оцена на резултатите од трудот на стручните служби на другите органи Сојузниот извршен совет врши врз основа на документацијата од член 9а на овој договор, по прибавеното мислење од тие органи за постигнатите резултати на трудот на стручните служби.

Член 9в

Ако Сојузниот извршен совет оцени дека одделни органи, во годината за која се врши пресметка, ги извршиле своите задачи и работи во предвидениот обем и според предвидениот квалитет, ќе утврди дека на тие органи им припаѓаат по конечната пресметка средства за лични доходи во височина на применета аконтација.

Ако Сојузниот извршен совет оцени дека одделни органи, во обем поголем или помал од предвидениот и над или под предвидениот квалитет, ги извршиле своите задачи и работи, ќе утврди дека на тие органи им припаѓаат сразмерно поголеми или помали средства за лични доходи од средствата што им се обезбедени како аконтација.

На органите за кои, во смисла на став 2 од овој член, ќе се оцени дека своите задачи и работи ги извршиле во помал обем и под предвидениот квалитет, ќе им се намалат средствата за аконтација за личните доходи за наредната година сразмерно со постигнатите резултати на трудот.

Заради конечно утврдување и пресметување на средствата за личните доходи на работниците на органите. Сојузниот извршен совет ќе преземе мерки, освен средствата за аконтации на личните доходи, да се обезбедат во буџетот на федерацијата за тековната година и посебни средства во височина од 8% од средствата што се обезбедуваат како аконтации за пресметковните основи за сите органи.

Член 9г

До конечната пресметка, на органите им се обезбедуваат средства за лични доходи како аконтација.

Аконтацијата на средствата за лични доходи ја сочинуваат средствата што на органите им се обезбедуваат според одредбите од овој член (пресметковен основ), како и средствата што се обезбедуваат по основ на чл. 12 и 15 од овој договор.

Додека со закон или друг општ акт не ќе се определат општествени мерила за вреднување на видот, сложеноста и значењето на задачите и работите што се вршат во работните заедници на органите на општествено-политичките заедници, средствата за пресметковните основи, како дел на аконтацијата на средствата за лични доходи, им се обезбедуваат на работните заедници на органите, и тоа:

1) со определување на коефициентите според учеството на високата стручна подготовка во квалификационата структура, на со систематизацијата утврдените работни места во основната дејност на органите, и тоа:

| Учество | Коефициент |
|---|---|
| до 10% | 2,01 |
| од 10% до 20% | 2,11 |
| од 20% до 30% | 2,16 |
| од 30% до 40% | 2,21 |
| од 40% до 50% | 2,25 |
| од 50% до 70% | 2,30 |
| над 70% | 2,35 |

Како задачи и работи на основната дејност, во смисла на овој договор, се сметаат задачите и ра-

ботите со кои се остварува основната функција на органот и што се утврдени со неговиот делокруг.

Ако коефициентот добиен според учеството на високата стручна подготовка на со систематизацијата утврдените работни места врз задачите и работите на основната дејност е помал од 2,21, на сојузните органи на управата и на сојузните организации што во својот состав имаат подрачни органи и организациони единици надвор од Белград пресметување на аконтацијата на средствата за лични доходи за високата стручна подготовка се врши според коефициентот 2.21.

По исклучок од одредбите на ст. 1 и 2 од оваа точка, при определувањето на учеството на високата стручна подготовка на работите на основната дејност во Сојузниот секретаријат за внатрешни работи, не се земаат предвид работните места за кои е предвидена виша, односно средна стручна подготовка, а на кои се вршат работи врз обезбедување на органите;

2) со определување на коефициентот според учеството на вишата стручна подготовка и на ВКВ работници во вкупната квалификациона структура на со систематизацијата утврдените работни места, и тоа:

Виша стручна подготовка и ВКВ работници

| Учество | Коефициент |
|---|---|
| до 20% | 1,41 |
| од 20% до 50% | 1,50 |
| над 50% | 1,60 |

По исклучок од одредбата од став 1 на оваа точка, средствата се обезбедуваат според единствениот коефициент, и тоа:

а) за задачите и работите на царинењето на стоки, контролата на патничкиот промет, царинско-управната и прекршочната постапка, што ги вршат работници со виша стручна подготовка — од 1,55;

б) за задачите и работите на санитарен и ветеринарски надзор и фитопатолошка заштита на граница што ги вршат работници со виша стручна подготовка — од 1,55;

3) со определување на коефицентот според учеството на средната стручна подготовка и на КВ работници во вкупната квалификациона структура на со систематизацијата утврдените работни места, и тоа:

Средна стручна подготовка и КВ работници

| Учество | Коефициент |
|---|---|
| до 10% | 1,17 |
| од 10% до 20% | 1,22 |
| од 20% до 30% | 1,27 |
| од 30% до 40% | 1,31 |
| над 40% | 1,36 |

4) според единствениот коефициент, и тоа:

а) за задачите и работите на безбедност на воздушната пловидба, за сите работни места, освен за работните места за кои е предвидена висока стручна подготовка (работи на пилоти и на летачки персонал, работи на контрола на летањето и водење на воздухоплови, работи на одржување воздухоплови и работи на одржување на воздухопловни и технички уреди на земјата) — од 2,05;

б) за работите на обезбедување на сојузните органи и организации за работните места за кои е предвидена виша, односно средна стручна подготовка — од 1,60;

в) за работите на криптозаштита во Сојузниот секретаријат за надворешни работи, за работните места за кои е предвидена виша, односно средна стручна подготовка — од 1,60;

г) за задачите и работите на протоколот, за работните места за кои е предвидена средна, односно нижа стручна подготовка — од 1,60;

д) за работите на контрола на мери и скапоцени метали, за работните места за кои е предвидена виша односно средна стручна подготовка (контролно-инспекциски работи на преглед на мерила и скапоцени метали) — од 1,50;

5) за нижа стручна подготовка и за ПК работници — според единствениот коефициент од 0,86, а за работниците без квалификации — од 0,75;

6) за одделни категории на стручност (квалификација) на работниците, што во репрезентативните објекти за потребите на органите вршат работи од посебно значење, а кои се вршат под исклучителни услови (зголемени напори, безбедност, квалитет на работата, посебна стручност и сл.), пресметковниот основ за лични доходи на тие работници може да се утврди според истата категорија на стручност на работниците вработени во соодветните објекти во стопанството на град Белград. Во тој случај, на тие работници не им се пресметува износот на средствата за работен стаж во смисла на член 15 од овој договор;

7) за приправници, зависно од школската подготовка, според коефициентите, и тоа за:

— приправници со висока стручна подготовка 1,13

— приправници со виша стручна подготовка 0,84

— приправници со средна стручна подготовка 0,70

При утврдувањето на учеството на одделните степени на стручна подготовка во квалификационата структура на со систематизацијата утврдените работни места, не се земаат предвид во Сојузната управа на цивилна воздушна пловидба работните места на кои се вршат задачи и работи на безбедност на воздушната пловидба, а кај другите органи — работните места на ПК и НК работници, за кои со овој договор е утврден единствен коефициент.

За работните места на кои се вршат работи на демонтирање на експлозивни направи и испитување на мостри чии конструкции се непознати, како и работи во врска со работата на непознати бактериолошки, радиолошки и хемиски средства, коефициентот за обезбедување на средства за лични доходи од соодветна стручна подготовка се зголемува за 0,28.

Ако за определени работи во органите со самоуправен општ акт е утврдено определување на личниот доход според ефект, норма и норматив, а средствата за остварениот ефект ги надминуваат средствата обезбедени на име аконтација на средствата за лични доходи според коефициентите од овој член, средствата се обезбедуваат според остварениот ефект.

Пресметка на средствата за лични доходи според остварениот ефект, норма и норматив се врши по истекот на полугодиштето.

Член 9д

Средствата за пресметковниот основ на личните доходи се утврдуваат со множење на соодветните коефициенти од член 9г на овој договор со бројот на пополнетите работни места, односно работници и со просечно остварениот личен доход на работниците во стопанството на Југославија од претходното полугодиште, што се обележува со индексот 100, односно со износот што ќе го определат учесниците во смисла на член 13 од овој договор.

Член 9ѓ

Ако во текот на годината за која се обезбедува аконтацијата на средствата за лични доходи се измени актот за систематизацијата, средствата за лични доходи што се обезбедуваат на име аконтација, им припаѓаат на органите според зголемениот, односно намалениот коефициент од првиот нареден месец.

Член 9е

Под стручна подготовка, во смисла на овој договор, се подразбира степенот на школската, односно стручната подготовка на работниците стечена или признаена на начинот утврден со закон или со пропис донесен врз основа на закон."

Член 3

Член 10 се брише.

Член 4

Во член 11 ст. 1 и 2 се бришат.

Член 5

Член 12 се менува и гласи:

„Средствата за пресметковните основи, што на органите им се обезбедуваат според одредбите на член 9г од овој договор, можат да се зголемуваат само за износот што поради посебни услови на трудот и природата на вршењето на работите на одделни работни места е пропишан со закон, односно со акт донесен врз основа на закон.

По исклучок од одредбата на став 1 од овој член, Сојузниот извршен совет може, за работните места во органите на кои се вршат работи под посебни услови на трудот и со оглед на природата на вршењето на работите на таквите работни места, да ги зголеми средствата за лични доходи во определен износ што не може да биде поголем од една петтина од пресметковниот основ на личниот доход за тие работни места.

Износот на средствата за зголемување на личните доходи од став 2 на овој член, еднаш утврден во определен (фиксен) износ, може да се зголемува само со одлука на Сојузниот извршен совет."

Член 6

Член 13 се менува и гласи:

„Усогласувањето на аконтацијата на средствата за лични доходи на работниците со просечниот пораст на личните доходи на вработните во стопанството на Југославија се врши најмалку еднаш годишно.

Основицата за усогласување на средствата за личните доходи на работниците на органите ја определуваат учесниците на овој договор."

Член 7

Во член 14 став 2 се менува и гласи:

„Највисокиот износ на просечниот месечен нето личен доход на работниците не може да го премине износот што се добива кога просечно остварениот месечен личен доход на работниците вработени во стопанството на Југославија од тековната година ќе се помножи со коефициентот 2,63 и ќе се зголеми за износот на средствата што се обезбедуваат според одредбите на чл. 12 и 15 од овој договор."

По став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„По исклучок од одредбата на став 2 од овој член за раководните работни места, за работните места за кои е потребна посебна стручност (специјалисти) и за работните места на кои личниот доход се утврдува според ефект, норма и норматив, највисокиот просечен месечен нето личен доход може да се утврди во износ што се добива кога просечно остварениот месечен личен доход на работниците вработени во стопанството на Југославија од тековната година ќе се помножи со коефициентот 3,0 и ќе се зголеми за износот што се обезбедува според одредбите на чл. 12 и 15 од овој договор."

Досегашните ст. 3 и 4 се бришат.

Член 8

Во член 15 ст. 1 и 2 се менуваат и гласат:

„Додека со закон или со друг општ акт не ќе се утврдат општествените критериуми за стекнување на делот од личниот доход врз основа на минат труд, тој дел на средствата ќе се пресметува така што средствата за пресметковните основи, утврдени врз основа на член 9г од овој договор, ќе се зголемуваат за секоја започната година за 0,5% по наполнетите пет години работен стаж до со закон утврдениот работен стаж признаен за пензија.

Процентот од став 1 на овој член се зголемува за 0,25% на работниците — жени што имаат повеќе од 25 години работен стаж."

Член 9

Член 16 се брише.

Член 10

Член 18 се менува и гласи:

„Коефициентите утврдени во член 9г од овој договор служат исклучиво за формирање на вкупните средства за лични доходи во работните заедници на органите и не можат да се користат како основи и мерила за непосредно утврдување на личните доходи на одделни работници во внатрешната распределба.

Внатрешната распределба во работните заедници на органите се врши исклучиво според основите и мерилата утврдени во самоуправните општи акти на органите и во согласност со одредбите од овој договор.

Сојузните органи на управата и сојузните организации што во својот состав имаат подрачни органи и организациони единици надвор од Белград, и органите што имаат организациони и работни единици со голем број работници во кои се вршат според природата, видот и сложеноста различни задачи и работи, во своите општи акти ќе ги уредат односите за распределбата на обезбедените средства за лични доходи помеѓу наведените подрачни органи, организациони и работни единици.

За сите работи што можат да се мерат со определени егзактни или искуствени мерила, како што се: работи на препис, стенографски работи, работи на писарница, работи на финансиско и материјално книжење, работи на преведувачи, работи на одржување згради и уреди, други помошни работи и сл., органите можат со свои самоуправни општи акти да утврдат поблиски мерила за утврдување на личните доходи според ефект, норма, норматив и др.

Самоуправните општи акти со кои се утврдува личниот доход на работниците според ефект, норма, норматив и сл. подлежат на согласност од Сојузниот извршен совет или од органот што ќе го определи тој.

Органите ќе ги пропишат во своите самоуправни општи акти постапката и начинот за оцена на резултатите на трудот на работниците, мерилата за квантитативна и квалитативна оцена на извршувањето на задачите и работите, како и содржината и начинот на водење евиденција за работатата на работниците и органите во целост.

Ако со самоуправен општ акт е пропишано оцената на резултатите од трудот на работниците да се врши во периоди подолги од 30 дена (тримесечно, шестмесечно и др.), на работниците месечно им се исплатува дел на аконтацијата од личниот доход во височина што во тој акт ќе ја определи работната заедница.

На оцена на резултатите од трудот подлежи и исплатената месечна аконтација."

Член 11

Член 20 се менува и гласи:

„Работната заедница ќе ги пропише во своите самоуправни општи акти износите за лични примања што ги товарат материјалните трошоци на работењето, а кои не можат да бидат поголеми од износите определени во овој член.

Дневницата за службени патувања изнесува до 10%, а вкупниот износ на дневницата со трошоците за ноќевање — до 12% од просечно остварениот личен доход на работниците вработени во стопанството на Југославија од претходното полугодиште.

Износот на дневниците и на другите надомести во врска со службено патување ги пропишува:

1) за работниците во сојузните органи на управата, во сојузните организации и стручните служби на органите на федерацијата — Сојузниот извршен совет;

2) за работниците во општествено-политичките, самоуправните и други организации на ниво на федерацијата — органот определен со статутот, односно со друг општ акт на односната организација.

Дневницата за службено патување во странство се определува според прописите на Сојузниот извршен совет.

Надоместот на трошоците за употреба на сопствен автомобил за службени цели за секој поминат километар може да изнесува до 30% од износот на највисоката цена на бензин за еден литар.

Теренскиот додаток што служи како надомест за зголемените материјални трошоци што работникот ги има за време на работата и престојат на терен надвор од своето живеалиште, може дневно да се определи најмногу во износ од 6% од износот на просечниот личен доход на работниците во стопанството на Југославија за претходната година.

Работникот што прима надомест за работа на терен (теренски додаток) нема право на дневници.

Надоместот за одвоен живот од семејството може да изнесува најмногу до едномесечниот просечен нето личен доход на работниците во стопанството на Југославија, остварен во претходното полугодиште.

Работникот што прима надомест за одвоен живот од семејството нема право на надомест за зголемени материјални трошоци за работа на терен (теренски додаток).

Надоместот на селидбените трошоци се исплатува според сметката на превозникот врз товар на средствата на органот во кој е вработен работникот.

При селидба, на работникот му припаѓа и надомест во паушален износ што му одговара на износот на неговата месечна аконтација на личниот доход.

Надоместот на трошоците за превоз на работниците на работа и од работа со користење на средства во јавниот сообраќај се признава во височина на фактичните трошоци, со тоа што работникот од тие трошоци да поднесува најмалку 30 динари."

Член 12

Во член 22 став 2 зборовите: „за 15%" се заменуваат со зборовите: „за 20%".

Член 13

Во член 29 став 1 точка 2 се брише.
Досегашните точ. 3 до 5 стануваат точ. 2 до 4.

Член 14

Член 36 се менува и гласи:

„Општествено-политичките, самоуправните и други организации сообразно ги применуваат одредбите на чл. 1 до 12 од овој договор.

Организациите од став 1 на овој член ќе ги утврдат со своите општи акти работните места за кои аконтациите на средствата за лични доходи ќе се обезбедуваат според стручната подготовка утврдена со систематизацијата на работните места независно од фактичната стручна подготовка што ја има работникот."

Член 15

Чл. 37 и 38 се бришат.

Член 16

Во член 41 по став 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Органите и организациите од став 1 на овој член, што во рокот утврден во тој став, не ќе ги усогласат своите општи акти со одредбите од овој договор и не ќе ги утврдат основите и мерилата за внатрешната распределба на средствата за лични доходи на одделни работници, не можат да извршат усогласување на личните доходи во смисла на одредбите од овој договор сè додека не ќе ги утврдат таквите основи и мерила."

Член 17

Чл. 42 и 43 се бришат.

Член 18

По исклучок од одредбите на член 9г од Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот, на средствата за лични доходи и на другите примања на работниците во органите на федерацијата, за работниците што немаат стручна подготовка предвидена со актот за систематизацијата на работните места, на органите ќе им се обезбедуваат аконтации на средствата за лични доходи по коефициентите според кои тие средства се обезбедувани до денот на влегувањето во сила на овој договор, со тоа што височината на тие коефициенти ќе се пресмета во согласност со коефициентите од наведениот член.

Органите ќе поднесат до Сојузниот секретаријат за финансии посебно барање со документација заради обезбедување средства според одредбата на став 1 од овој член.

Член 19

Одредбите од овој договор што се однесуваат на средствата за лични доходи ќе се применуваат од 1 јануари 1977 година.

Член 20

Овој договор влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

9 јуни 1977 година
Белград

За Сојузниот извршен совет,
**Иван Франко**, с. р.

За Претседателството
на Советот на Сојузот на
синдикатите на Југославија,
**Јоже Маролт**, с. р.

407.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ГУМЕНИ ОБУВКИ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 29 април 1977 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за гумени обувки, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата да ги зголемат до 9%.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производите од точка 1 на оваа спогодба ќе ги продаваат, односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени, со решението бр. 1663 од 6 јуни 1977 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Претставници на производителите: „Тигар" — Пирот, „Вулкан" — Ниш, „Златар" — Нова Варош и „Борово" — Борово.

Претставници на купувачите-потрошувачи: 16 купувачи-потрошувачи потписници на Спогодбата.

---

408.

Врз основа на член 22 од Законот за општествена контрола на цените („Службен лист на СФРЈ", бр. 25/72 и 35/72), претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите склучуваат

## СПОГОДБА
### ЗА ПРОМЕНА НА ЗАТЕЧЕНИТЕ ЦЕНИ ЗА ЈАЈЦА ВО ПРАВ

1. Претставниците на производителите и претставниците на потрошувачите на 7 март 1977 година склучија и потпишаа Спогодба за промена на затечените цени за јајца во прав, со тоа што производителските организации на здружениот труд да можат своите затечени продажни цени, при постојните услови на продажбата, да ги зголемат така што највисоката продажна цена да изнесува 105 динари за килограм.

2. Учесниците на оваа спогодба се обврзуваат дека производот од точка 1 на оваа спогодба ќе го продаваат односно купуваат по цените и под условите што се предвидени во Спогодбата.

3. На оваа спогодба даде согласност Сојузниот завод за цени со решението бр. 951 од 8 јуни 1977 година.

4. Оваа спогодба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ"

Претставници на производителите: „Војводина-продукт" — Инѓија, „Месопродукт" — Загреб и „Помурка" — Мурска Собота.

Претставници на купувачите-потрошувачи: „Интес" — Марибор, „Млинотест" — Ајдовшчина, „Жито" — Љубљана, „Пуљанка" — Пула, „Јадранка" — Задар, „Житопрерада" — Бихаќ, „Житокомбинат" — Загреб, „Неретвански партизан" — Метковиќ, „Житопромет" — Мостар, „Сарајка" — Сараево, „Глорија" — Скопје, „Фиделинка" — Суботица, „Житокомбинат" — Бачка Топола, „Житопромет" — Сента и „Данубијус" — Нови Сад.

# НАЗНАЧУВАЊА И РАЗРЕШУВАЊА

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74, 24/76 и 48/76) Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЗАМЕНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА УПРАВА ЗА ЦАРИНИ

Се разрешува од должноста заменик-директор на Сојузната управа за царини Димитар Алексиевски, поради истекот на периодот за кој е назначен.

Е. п. бр. 414
25 мај 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74, 24/76 и 48/76) Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ЗАМЕНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА УПРАВА ЗА ЦАРИНИ

За заменик-директор на Сојузната управа за царини се назначува Ненад Мирковиќ, генерален директор на претпријатието „Југохемија" од Белград.

Е. п. бр. 413/77
25 мај 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 43 од Законот за организацијата и делокругот на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 32/71, 54/71, 67/72, 21/74, 24/76 и 48/76) Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ПОМОШНИК-ДИРЕКТОР НА СОЈУЗНАТА УПРАВА НА ЦАРИНИ

Се разрешува од должноста помошник-директор на Сојузната управа за царини Драгутин Ленард, поради истекот на периодот за кој е назначен.

Е. п. бр. 415/77
25 мај 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

Врз основа на член 6 став 2 од Уредбата за Управата на деловните згради на сојузните органи на управата и на сојузните организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 15/75), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА НА ДЕЛОВНИТЕ ЗГРАДИ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ НА УПРАВАТА И НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

За директор на Управата на деловните згради на сојузните органи на управата и на сојузните организации се назначува Радиша Трифуновиќ, секретар на Секретаријатот за општи работи во Собранието на СФРЈ.

Е. п. бр. 411/77
25 мај 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

---

Врз основа на член 6 од Уредбата за Авто-сервисот на сојузните органи („Службен лист на СФРЈ", бр. 28/73 и 52/75), Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ

### ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ДИРЕКТОР НА АВТО-СЕРВИСОТ НА СОЈУЗНИТЕ ОРГАНИ

За директор на Авто-сервисот на сојузните органи се назначува Милорад Русмир, самостоен советник во Стручната служба на Комитетот на Конференцијата на сојузот на комунистите во органите и организациите на федерацијата.

Е. п бр. 412/77
25 мај 1977 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Потпретседател,
**Доброслав Ќулафиќ**, с. р.

---

# ОДЛИКУВАЊА

## УКАЗ

### ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

од сојузните органи и организации

— за вонредни заслуги во подготвувањето на спогодбата помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Италија

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Шнудерл Макса Борис;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Јелиќ Светислава Александар, Мочивник Франца Радко, Павиќевиќ Војина Мишо, Перишиќ Среќка д-р Звонко;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Прибиќевиќ Раде Новак;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Јан Славка Јернеј;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

Поповац Лазе Веселин, Рибица Луке Милан;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Лазин Адама Ана, Капун Ивана Нада;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Мунишиќ Драгише Душанка;

— за вонредни заслуги во работата врз подготовките и учеството на Социјалистичка Федеративна Република Југославија на Конференцијата за европската безбедност и соработката во Женева и Хелсинки

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Ломпар Иве Михаило;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Нинчиќ Момчило Ђуро;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Аќимовиќ Велимира Љубивоје, Ломпар Иве Михаило, Стојаковиќ Филипа Милан, Узелац Стевана Илија;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Марковиќ Новака Светозар, Вуковиќ Стипе Миљенко;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Лазаревиќ Часлава Зоран;

СО МЕДАЛ НА ТРУДОТ

Мандиќ Михаила Љубица;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Беќа Смаила Ќамил, Пуриќ Драгутина Љубомир, Симоновски Косте Живко, Томиќ Ристе Теодор;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Беќа Смаила Ќамил, Пуриќ Драгутина Љубомир;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Беќа Смаила Ќамил, Пуриќ Драгутина Љубомир;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Совинц Јожефа д-р Иван;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Босак Вида Стјепан, Клеинер Рудолфа Иво, Пашовиќ Халима Хасан, Радмилац Милорада Аранѓел, Рајков Лазара Гордана, Шуштаршиќ Игнаца Борис;

Од СР Босна и Херцеговина

— по повод триесетгодишнината на работата, а за особени заслуги и успеси во образованието на наставници за основни училишта и придонес за ширењето на просветата и културата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Педагошка академија — Сараево;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

„Шипад" — Сараево, дрвна индустрија „Подградци" — Горни Подградци;

— по повод триесетгодишнината на постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

АИПК „Босанска Крајина" — Бања Лука ООУР „Ратарство" — Нова Топола;

— за успешно организирана акција на здравствената заштита на населението при поплавата на подрачјето на Босанска Градишка;

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Медицински центар — Босанска Градишка;

— по повод шеесет и петгодишнината на животот а за особени заслуги во борбата за слободата и независноста на нашата земја, за изградбата на социјализмот и развивањето на миролубивата соработка и пријателските односи помеѓу нашата земја и други држави

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Блум Михајла Емерик, Јакшиќ Алексе Раде;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Бегиќ Ибрахима д-р Мидхат, Финци Јакоба Јахиел, Кршлак Мухарема Дервиш, Шкондриќ Симе Михајло;

— за извонредни заслуги и самопожртвување во спречување на опасноста за човечки животи и материјални добра при пожарот во Фабриката „Плин" во Сараево

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Средановиќ Гојка Тодор;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

Четковиќ-Стојковиќ Симеуна Даринка, Јовичиќ Ѓорѓа Ратко, Ненадиќ Мије Војин, Тафро Јусуфа Дервиш;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Џабиќ Абдулаха Едхем;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Брадвица Ивана Јерко, Јовиќ Косте Бошко, Ковачевиќ Николе Љубо, Згоњанин Стојана Душан, Жаговец Јосипа Тони;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бијељац Обрада Милан, Ѓилас Миче Илија, Грабеж Ѓорѓа Мирко, Кешељ Петра Душан, Ковач Пере Јаков, Крнета Николе Вукашин, Љута Мехмеда Дервиш, Маријанац Симе Раде, Омерагиќ Јусуфа Ејуб, Принцип-Родиќ Васиља Даринка, Плазачиќ Илије Живан, Поњевиќ Митра Илија, Ракита Пере Нико, Видовиќ Милана Предраг, Зец Миќе Ѓураѓ;

Од СР Црна Гора

— по повод шеесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во производството на висококвалитетни прехранбени производи со што е сторен значаен придонес за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Индустрија пива, уља и сокова „Требјеса" — Никшић;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Графичко књижарско предузеће „Коле" — Никшић;

— по повод сто и петгдишнината од постоењето а за особени заслуги во основното образование и воспитување на младите за корисни членови на општеството и придонес за ширењето на просветата и културата

Основна школа „Душан Обрадовић" — Жабљак

— по повод триесетгодишнината на работата, а за особени заслуги и успеси во стручното образование на кадрите за потребите на стопанството

Школски центар „Твртко Бјелић" — Никшић;

— по повод педесетгодишнината од постоењето, а за заслуги во заштитата и спасувањето на човечки животи, општествен и личен имот, со што е направен значаен придонес за социјалистичката заедница

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Добровољно ватрогасно друштво „Богољуб Брезић" — Пераст;

Од СР Хрватска

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Чалић Дане Милан, Филиповић Јефте Вукосав, Саватовић Раде Никола;

Од СР Македонија

— по повод педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси во стручното образование и воспитување на младите за корисни членови на општеството

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Економската школа „Борис Кидрич" — Скопје;

— по повод дваесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси во развивањето и омасовувањето на кајакарскиот спорт и значаен придонес за ширењето на техничката култура

Бродарското друштво „Мирче Ацев" — Скопје;

— по повод седумдесетгодишнината на работата, а за особени заслуги во развивањето на културно-уметничкиот живот и јакнењето на класната свест на работниците

Културно-уметничкото друштво „Коста Абрашевиќ" — Скопје;

— по повод триесетгодишнината на работата, а за особени заслуги во создавањето и развивањето на организациите на Црвениот крст и за поттикнувањето и насочувањето на нивните хуманитарни активности

Организацијата на Црвениот крст на град Скопје;

— по повод дваесет и петгодишнината на работата, а за заслуги и успеси во воспитувањето и образованието на децата на предучилишна возраст

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Детската градинка „13. Ноември" — Скопје;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

Деспотовиќ-Војницлиева Никола Вера, Ристески Петров Ќирче, Секирарски Петруша Бојан, Смилевска-Спасиќ Душан Вера, Смиловски Илија Александар, Стојанов Стеван Димче, Стојчески Милан Данчо, Трајкова Никола Фанче;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Добрковиќ Нико Михајло, Елимов Димитар Ристо, Перчинков Панов Јосиф;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ангелески Ташков Тома, Атанасовски Спиро Митре, Балаж Камбер Рамазан, Доага Мате Шули, Крлиу-Богдановска Стефан Вера, Панчески Крсте Јован;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Ристески Петров Ќирче;

— за покажана лична храброст во борбата против непријателот за ослободување на земјата

СО ОРДЕН ЗА ХРАБРОСТ

Ристески Петров Кирче;

Од СР Словенија

— по повод триесетгодишнината од постоењето а за особени заслуги во работата од значење за развојот на историската наука во СР Словенија и за придонес за унапредувањето на историјата на работничкото движење

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Историско друштво Словеније;

— по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Грађевинско предузеће „Меград" — Љубљана, Дрвно хемиска индустрија „Лесонит" Илирска Бистрица;

— по повод шеесет и петгодишнината од постоењето, а за особени заслуги во работата од значење за развојот и ширењето на техничката култура на населението и постигнати успеси на изложбите на уметничка фотографија

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Фото-кино клуб „Јанез Пухар" — Крањ;

— по повод педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Љубљанске млекаре — Љубљана;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Хрибар Јанеза Јанез;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Махкота Антона проф. д-р Станислав, Може [illegible]тон;

— за особени заслуги во создавањето и ширењето на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Цоља Алојза Сречко, Крефт Ивана Иван, Кодрич Јожефа Ангел;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Бивиц-Чамер Игнаца Штефка, Чеде Петра Алојз Креис Фрање Фрањо, Маркељ Франца Франц, Мухар Филипа Зденко Перовшек Јакоба Јанез, Подлогар Франца Едвард, Просен Михаела Јоже, Скерловник Филипа Јанез Стегнар Павела Франц, Шорн Ивана Иван, Шубиц Ивана Мирослав, Шумрада Јанеза Винко, Томазин-Ержен Боштјана Ана, Урлих Михаела Тоне;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Бавдаж Јожефа Кристјан, Поглајен Матије Стане, Рант Јанеза Франц;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Херман Јоже Мирко, Пахор Милоша Драго, Пахор-Лавренчич Ивана Марија;

— за заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јерман Јоже Јожефа;

Од СР Србија

— по повод 150-годишнината од постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во популаризирањето и приближувањето на книгата кон читателите и за значаен придонес за културно-просветното издигање на граѓаните

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА SВЕЗДА

Народна библиотека — Земун;

— по повод 170-годишнината на работата, а за особени заслуги во основното образование и воспитување на младите за корисни членови на општеството и за придонес кон ширењето на просветата и културата

Основна школа „Димитрије Давидовић" — Смедерево;

— по повод педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за стопанскиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Фабрика гумених производа „Рекорд" — Раковица;

— по повод 75-годишнината од постоењето и работата, а за особени заслуги и успеси во музеолошката дејност, со што е сторен значаен придонес за културното издигање на работните луѓе

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Етнографски музеј — Белград;

— по повод триесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги во развивањето и омасовувањето на кајакарскиот спорт и постигнати успеси на натпревари

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Кајакашки клуб „Иво Лола Рибар-Змај" — Земун;

— по повод педесетгодишнината од постоењето, а за особени заслуги во развивањето на физичката култура и спортот и за ширење на прогресивните идеи меѓу работниците

Спортско друштво „Чукарички" — Белград

— по повод педесетгодишнината од постоењето а за особени заслуги во развивањето на физичката култура и за ширење на братството и единството преку спортските активности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Радничко спортско друштво „Полимље" — Пријеполе;

— по повод дваесет и петгодишнината на работата, а за заслуги и успеси во извидувачката дејност и негување на револуционерните традиции на Народноослободителната борба

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Одред извиђача „Земун" — Земун;

— за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за напредокот на земјата

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Илиќ Влајка Чедомир;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО СРЕБРЕН ВЕНЕЦ

Јовановиќ Трифуна Василије, Рибич Миле Милан, Стојановиќ Стевана Драгољуб, Зариќ Јована Стеван;

Од САП Војводина

— по повод стогодишнината од постоењето, а за особени заслуги и успеси во образованието и воспитувањето на младите поколенија во духот на братството и единството меѓу нашите народи и народности

СО ОРДЕН БРАТСТВО И ЕДИНСТВО СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Гимназија „Моше Пијаде" — Сента;

— по повод триесетгодишнината од постоењето, а за заслуги и постигнати успеси во развивањето и унапредувањето на општественото и индивидуалното земјоделско производство во својот крај

СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНА ЅВЕЗДА

ООУР Пољопривредна задруга „Ѓорѓе Зличиќ" — Ѓурѓево;

— за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува за општиот напредок на земјата

СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Фориш Јосипа Иван.

Бр. 68
20 јули 1976 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— за особени заслуги во развивањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Обединетото Кралство Велика Британија и Северна Ирска

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

The Lord Ebbisham, претседател на Англојугословенскиот совет за трговија;

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

John Cooper, потпретседател на Англојугословенскиот совет за трговија;

E. S. Taylor, извршен секретар на Англојугословенскиот совет за трговија.

Бр. 108
3 новември 1976 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с.р.

---

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

Од СР Црна Гора

— по повод седумдесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развиток и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Зековиќ Сима Вељко;

Од СР Хрватска

— по повод 75-годишнината на животот и долгодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во организирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развиток и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Хрнчевиќ Јанка д-р Јосип;

— по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за извонредни заслуги во орканизирањето и изградбата на социјалистичкото самоуправно општество и за особен придонес од значење за општиот развиток и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

Шпиљак Драгутина Мика.

Бр 113
4 ноември 1976 година
Белград

Претседател,
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

**УКАЗ**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 337 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата на Социјалистичка Федеративна Република Југославија одлучува да се одликуваат:

— по повод седумдесетгодишнината на животот, а за извонредни успеси во раководењето со големите воени единици на Црвената армија и за придонес за победата на народите на Југославија и Советскиот Сојуз, во составот на Антифашистичката коалиција, над заедничкиот непријател во Втората светска војна

СО ОРДЕН НА СЛОБОДАТА

Леонид Илич Брежнев, генерален секретар на Централниот комитет на Комунистичката партија на Советскиот Сојуз и маршал на Советскиот Сојуз.

Бр. 116
9 ноември 1976 година
Белград

Претседател,
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

---

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 401. | Одлука за определување максимални цени за превоз на патници и стоки во внатрешниот воздушен сообраќај — — — | 1305 |
| 402. | Одлука за критериумите што ќе се применуваат при намалувањето на царинските стапки на увозот на суровини, репродукциони материјали и делови за вградување во 1977 година — — — — — — — | 1305 |
| 403. | Правилник за измени на Правилникот за начинот на утврдување на просечната годишна вредност на залихите и за начинот на утврдување на сопствените средства и на кредитите за трајни обртни средства — | 1305 |
| 404. | Решение за забрана на внесувањето и растурањето на весникот „Katolički glas" — | 1306 |
| 405. | Општествен договор за поттикнување и вреднување на творештвото — — — — | 1306 |
| 406. | Општествен договор за измени и дополненија на Општествениот договор за усогласување на распределбата на доходот, на средствата за лични доходи и на другите примања на работниците во органите на федерацијата — — — — — — — | 1310 |
| 407. | Спогодба за промена на затечените цени за гумени обувки — — — — — — | 1314 |
| 408. | Спогодба за промена на затечените цени за јајца во прав — — — — — — — — | 1314 |
| | Назначувања и разрешувања — — — — — | 1314 |
| | Одликувања — — — — — — — — — — | 1315 |


**Издавач: Новинско-издавачка установа Службен лист на Социјалистичка Федеративна Република Југославија, Белград, Јована Ристиќа бр. 1. Пош. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Душан Машовиќ, Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски издавачко-графички завод Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17.**